# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе:

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-5141/1 од 31.10.2023 година, број 01-3365/1 од 08.07.2024 година, број 01-630/1 од 30.01.2025 година, број 01-4181/1 од 09.07.2025 година, број 01-4530/1 од 30.07.2025 година и број 01-755/1 од 11.02.2026 година.

### Член 2

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за локален економски развој и финансиски прашања 1.1 Одделение за локален економски развој и евроинтеграции, по работното место со реден број „4" назив на работно место „Советник за локален економски развој и меѓународна и регионална соработка ", со шифра: УПР 01 01 В01 000 се додава ново работно место 4-а кое гласи:

| 1. Сектор за локален економски развој и финансиски прашања<br>1.1 Одделение за локален економски развој и евроинтеграции | |
|---|---|
| Реден број | 4-а |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | **Советник** |
| Назив на работно место | **Советник за грантови и преводи на проекти од областа на евроинтеграции** |
| Број на извршители | 1 (еден) |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Хуманистички науки и уметности- Јазици и литература |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно, ефективно и ефикасно извршување на најсложени работи и задачи од делокругот на одделението, прибирање податоци, подготовка, анализа и преводи на проекти од областа на евроинтеграциите и грантовите. |
| Работни задачи и обврски | - врши подготовка на предлог проектите и активностите кои општината ги води во поглед на евроинтеграциите и за собирање анализа и подготовка на документација во врска со искористување на грантови;<br>- Подготвува и преведува службена коресподенција на странски јазик<br>- врши превод на проектна документација од областа на локалниот економски развој ; |



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

| | |
|---|---|
| | - прибира податоци, подготвува и анализира проекти од надлежност на одделението како и обезбедување на база на податоци и други активности за изготвување на програми за работа на одделението од областа која ја покрива;<br>- учествува во работата на проектните тимови и во подготовка на потребните општи и посебни акти за одобрување на грантовите поврзани со проектите од надлежност на одделението;<br>- учествува во подготовката и реализацијата на Стратегијата за локален економски развој на Општината и други стратегии кои ги донесува општината согласно на надлежностите;<br>- врши работи во комисиите во кои е назначен, именуван и одговара за својата работа во рамките на своите овластувања. |

**Член 3**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 2. Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот 2.3 Одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија, по работното место со реден број „36" назив на работно место „Советник - Асистент на градоначалник ", со шифра: УПР 01 01 В01 000 се додава ново работно место 36-а кое гласи:

| **2. Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот<br>2.3 Одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија** | |
|---|---|
| Реден број | 36-а |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | **Советник** |
| Назив на работно место | **Советник - Систем инженер** |
| Број на извршители | 1 (еден) |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Природно математички науки |
| Други посебни услови | MICROSOFT WINDOWS, WORD, EXCEL, OUTLOOK, C++, JAVA |
| Работни цели | Активно, ефективно и ефикасно извршување на најсложени работи и задачи за изготвување на стратегијата за техничката платформа на информациониот систем на Општината и обезбедување на оперативното функционирање на ИКТ инфраструктурата и ГИС |
| Работни задачи и обврски | - изготвува план и стандарди за подобрување, развој и надоградување на информациско - комуникациската инфраструктура (хардвер, софтвер, мрежна, комуникациска опрема и информатички проекти);<br>- ги планира и координира активностите во врска со оптималното функционирање и користење на расположиите технички и програмски ресурси;<br>- ја организира инсталација на ИТ опремата и врши системско администрирање на информатичката и комуникациската инфраструктура;<br>- го обезбедува и управува со системот за безбедност и заштита на податоци, документи и информации на Општината од неовластен пристап и користење;<br>- дефинира и обезбедува овластено користење, доделува и администрира лозинки и овластувања за пристап во локалната компјутерска мрежа;<br>- разработува методи и спроведува процедури за заштита и |

| | |
|---|---|
| | сигурност на информациониот систем, заштита на податоци, back up и електронско архивирање на податоци и документи од информатичкиот систем на општината;<br>- по потреба организира и спроведува обуки за вработените во администрацијата на Општината за користење на информатичката и комуникациската опрема;<br>- се грижи и го одржува ГИС (Географско-информациониот систем);<br>- учествува и ги врши работите во комисиите во кои е назначен, именуван, и одговара за својата работа во рамките на своите овластувања. |

**Член 4**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 3. Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура 3.2 Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај, работното место со реден број „52" назив на работно место „Соработник за уредување на градежно земјиште и прибавување, комплетирање и обезбедување на техничка документација ", со шифра: УПР 01 01 В03 000 во делот број на извршители, бројот 1 се брише.

**Член 5**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 4. Одделение за инспекциски надзор, работното место со реден број „59" назив на работно место „ Помошник инспектор - овластен градежен инспектор ", со шифра: ИНС 01 01 В03 001 во делот број на извршители, бројот 1, се брише.

**Член 6**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на Општина Крива Паланка, кој е доставен како прилог на овој Правилник.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

Бр. 01-2150/1
22.04.2026 година
КриваПаланка

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

# ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

| Реден Број | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | УПР | 01 | 01 | А04 | 000 | Секретар на Општина Крива Паланка | 1 | |
| | | | | | | **1. СЕКТОРОТ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА** | | |
| 2. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на секторот за локален економски развој и финансиски прашања | 1 | 1 |
| | | | | | | **1.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ** | | |
| 3. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за локален економски развој и евроинтеграции | 1 | 1 |
| 4. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за локален економски развој и меѓународна и регионална соработка | 1 | 1 |
| 4-а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за грантови и преводи на проекти од областа на евроинтеграции | 1 | |
| 5. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за планирање и следење на локален економски развој и туризам | 1 | |
| 5-а | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за подготовка и анализа на проекти и НВО | 1 | 1 |
| 6. | | | | | | | | |
| 7. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за евроинтеграции и грантови | 1 | 1 |
| | | | | | | **1.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА** | | |
| 8. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за финансиски прашања | 1 | 1 |
| 9. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник одговорен сметководител | 1 | 1 |
| 10. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за финансии, планирање и извршување на буџетот и овластен известител за неправилности и сомнежи за измама и корупција | 1 | 1 |
| 10-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за планирање и извршување на буџетот и координатор за еднакви можности | 1 | 1 |
| 11. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за финансиско работење | 1 | 1 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | | | | | | | | |
| **1.3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АДМИНИСТРИРАЊЕ НА ДАНОЦИ, ТАКСИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | | | | | | | |
| 13. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за администрирање на даноци, такси и надоместоци | 1 | 1 |
| 14. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за утврдување и наплата на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок | 1 | 1 |
| 15. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина | 1 | 1 |
| 16. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за утврдување и наплата на данок на промет на недвижности, наследство и подарок и имот на општина | 1 | 1 |
| 17. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за утврдување и наплата на такси и други надоместоци | 1 | 1 |
| 18. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за присилна наплата | 1 | 1 |
| **2. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ, ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ** | | | | | | | | |
| 19. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на секторот за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот | 1 | 1 |
| **2.1 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ** | | | | | | | | |
| 20. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за правни и општи работи | 1 | 1 |
| 21. | | | | | | | | |
| 22. | | | | | | | | |
| 23. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за организација на седници на Советот на Општина Крива Паланка | 1 | 1 |
| 24. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за Архивско и канцелариско работење и упатување на граѓани/ странки | 2 | 2 |
| 25. | УПР | 04 | 03 | А01 | 001 | Шеф на возен парк | 1 | 1 |
| 26. | УПР | 04 | 03 | А02 | 001 | Возач II | 1 | 1 |
| 27. | УПР | 04 | 05 | А02 | 004 | Координатор на достава - курир | 1 | 1 |
| 28. | УПР | 04 | 01 | А04 | 001 | КВ Работник за одржување на објекти | 1 | 1 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29. | УПР | 04 | 05 | А03 | 004 | Хигиеничар/ка | 2 | 2 |
| **2.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ** | | | | | | | | |
| 30. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за јавни дејности | 1 | 1 |
| 31. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за образование и спорт | 1 | 1 |
| 32. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за управување со квалитет и слободен пристап до информации од јавен карактер | 1 | 1 |
| 33. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за социјална, здравствена и детска заштита | 1 | 1 |
| 34. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за спорт | 1 | 1 |
| 34-а | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за култура | 1 | 1 |
| **2.3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА** | | | | | | | | |
| 35. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија | 1 | 1 |
| 36. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник -асистент на градоначалник | 1 | 1 |
| 36-а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник - Систем инженер | 1 | |
| 37. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник - систем инженер | 1 | 1 |
| 38. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за односи со јавност | 1 | 1 |
| 39. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за заштита и спасување, управување со кризи и административна поддршка на ТППЕ Крива Паланка | 1 | 1 |
| 40. | УПР | 04 | 03 | А02 | 001 | Возач на Градоначалникот | 1 | 1 |
| 40-а | УПР | 04 | 05 | А02 | 016 | Фотограф | 1 | 1 |
| **3. СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | | | | | |
| 41. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура | 1 | 1 |
| **3.1 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА** | | | | | | | | |
| 42. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за урбанизам и заштита на животна средина | 1 | |
| 43. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за издавање на одобренија за градба | 1 | 1 |
| 44. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за просторно и урбанистичко планирање и издавање на одобренија | 2 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | за градба | | |
| 45. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за животна средина | 1 | 1 |
| 46. | | | | | | | | |
| 47. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за управување и документирање на постапките за урбанистичко планирање и издавање одобренија за градба | 1 | 1 |
| 48. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за уредување на просторот | 1 | 1 |
| 49. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за документациони работи и урбана опрема | 1 | 1 |
| 50. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за административно технички работи | 1 | 1 |
| **3.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И СООБРАЌАЈ** | | | | | | | | |
| 51. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за комунална инфраструктура и сообраќај | 1 | 1 |
| 51-а | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник за уредување на градежно земјиште и прибавување, комплетирање и обезбедување на техничка документација | 1 | 1 |
| 52. | | | | | | | | |
| 53. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за градежно земјиште, пресметување на комуналии и следење на реализација на инфраструктурни проекти | 1 | 1 |
| 54. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за геодетски работи | 1 | 1 |
| 55. | | | | | | | | |
| 56. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за комунални работи и јавно осветлување | 1 | 1 |
| **4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР** | | | | | | | | |
| 57. | ИНС | 01 | 01 | Б04 | 001 | Виш инспектор - раководител на одделение за инспекциски надзор | 1 | 1 |
| 58. | ИНС | 01 | 01 | В01 | 001 | Советник инспектор - овластен инспектор за животна средина | 1 | 1 |
| 58-а | ИНС | 01 | 01 | В02 | 001 | Самостоен инспектор - овластен градежен инспектор | 1 | 1 |
| 59. | | | | | | | | |
| 60. | ИНС | 01 | 01 | В04 | 001 | Помлад инспектор - општински комунален инспектор | 1 | 1 |
| 61. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт - комунален редар | 2 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | | |
| 62. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за човечки ресурси | 1 | 1 |
| 63. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за управување и координација со човечки ресурси | 1 | 1 |
| 64. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за обуки, оценување и административни работи | 1 | 1 |
| | | | | | | 5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | | |
| 65. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | 1 | |
| 66. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник внатрешен ревизор на обука | 1 | 1 |
| | | | | | | 6. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА | | |
| 67. | ПОЖ | 02 | 10 | А04 | 000 | Командир на територијална противпожарна единица | 1 | 1 |
| 68. | ПОЖ | 02 | 10 | Б04 | 000 | Командир на одделение | 5 | 5 |
| 69. | ПОЖ | 02 | 10 | В03 | 000 | Пожарникар спасител- техничар | 7 | 7 |
| 70. | ПОЖ | 02 | 10 | В04 | 000 | Пожарникар спасител | 4 | 4 |
| 71. Вкупно | | | | | | | 87 | 81 |

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

Архивски знак ______
Рок на чување ______
20__ год.
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
КРИВА ПАЛАНКА

| Примено: | 29.04.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 2150/3 | | |

**До: Општина Крива Паланка**

**Архивски број: 09-1847/2**
**Датум: 28.04.2026година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), член 20 и член 28 точка 6 од Законот за именување и дополнување на Законот за организација и работа на органите („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 121/24) Министерството за јавна администрација дава:

СОГЛАСНОСТ
на

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во **Општина Крива Паланка, со архивски број 01-2150/1 од 22.04.2026 година**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Крива Паланка,** поднесе барање до Министерството за јавна администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места .

Министерството за јавна администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за јавна администрација дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во **Општина Крива Паланка, со архивски број 01-2150/1 од 22.04.2026 година.**

Со почит,

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

Подготвил: Елена Панова

Одобрил: Маја Рисова Мутлулар


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk